20250841844

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 3 став 8 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22, 64/24 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УСЛУГИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ КОИШТО МОЖАТ ДА СЕ КОРИСТАТ САМО НА ОГРАНИЧЕН НАЧИН И ЗА ПЛАТЕЖНИТЕ ТРАНСАКЦИИ КОИШТО СЕ ИЗВРШУВААТ ПРЕКУ ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ИЛИ ДАВАТЕЛ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ, КАКО И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ

1. Во Одлуката за начинот на известување за услугите врз основа на платни инструменти коишто можат да се користат само на ограничен начин и за платежните трансакции коишто се извршуваат преку оператор на електронски комуникациски мрежи или давател на електронски комуникациски услуги, како и критериумите за оценување на исполнетоста на условите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 289/22 и 179/24), во точка 4 став 1 зборовите: „120.000.000 денари месечно“ се заменуваат со зборовите: „60.000.000 денари“.
2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-13636/9
17 април 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.